Бр./Nr 12-217/3 (2021)
18-04-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-тата седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2372/1 од 07.07.2020 година, оформен по доставена пријава за службените лица ///, /// и ///, судии на Апелациониот суд ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2372/1 од 07.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 07.07.2020 година поднесена е пријава за службените лица ///, /// и ///, судии на Апелациониот суд ///, и оформен е предмет број 12-2372/1 од 07.07.2020 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости сторени од страна на судиите во Апелациониот суд /// во судска постапка поведена по жалба на тужителите ///, ///, /// и /// од с. /// пред Апелациониот суд /// (///), во која Пресудата на Основниот суд /// (/// од /// година) е преиначена и е пресудено дека се усвојува тужбеното барање на тужителите и се задолжува тужениот /// да им врати и предаде во владение недвижен имот опишан во Пресудата.

Подносителот посочува дека истиот судски состав претходно во постапка за /// помеѓу истите странки за истата правна работа потврдил решение на Основниот суд /// (/// од /// година) каде тужбеното барање на тужителите било одбиено како неосновано (Решение ///).

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до Судскиот совет на Република Северна Македонија, со кое побара Советот да го преиспита постапувањето на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

судиите во посочената постапка, и кон кое ја приложи документацијата доставена во прилог на пријавата.

Од увидот во одговорот доставен од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија утврдена е следната фактичка состојба:

Подносителот на пријавата со претставка се обратил и до Судскиот совет на Република Северна Македонија, којшто постапил согласно неговите законски надлежности, и ја разгледал претставката на седница на Советот одржана на /// година. Советот констатирал дека нема елементи на нестручно и несовесно постапување од страна на судиите кои постапувале по конкретниот предмет, за што подносителот бил известен (Известување /// од /// година).

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот бидејќи за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**